**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 31 -03- 2009 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1591/1 | | |

А.бр.46-3/09
Скопје, 26.03.2009 година

**ДО**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

На дваесет и првата седница на Советот на јавните обвинители на Република Македонија, одржана на 02.03.2009 година, согласно член 13 став 3 од Законот за Советот на јавните обвинители на РМ едногласно е е усвоен Годишниот извештај за работата на Советот за тековната 2008 година.

Согласно член 13 став 4 од законот, Советот доставува примерок од извештајот до Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Јавното обвинителство на Република Македонија.

**Прилог:**
-Годишен извештај за работата на Советот
на Јавните обвинители на Република Македонија.

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**ЕЛЕНА ГОШЕВА**

**Доставено до:**

-Собрание на Република Македонија;
-Влада на Република Македонија и
-Јавно обвинителство на Република Македонија

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА**

**РАБОТАТА НА**
**СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЗА 2008 год.**

**Февруари 2009 година**
**Скопје**

СОДРЖИНА:


I.ВОВЕД....................................................................................................................3

II.ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ И ДОНЕСЕНИ ПОДЗАКОНСКИ АКТИ.........................................................................................................................4

III.ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ НА ГРАЃАНИ И ПРАВНИ ЛИЦА................................................................................................5

IV.ИМЕНУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА.......................................................................6

VI.МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА................................................10

## I.ВОВЕД

Советот на јавните обвинители на Република Македонија, е самостоен орган кој ја обезбедува и гарантира самостојноста на јавните обвинители во извршувањето на нивната основна функција на гонење на сторителите на кривични дела за кои гонењето се превзема по службена должност.

Законот со кој беше конституирано ова ново тело во нашиот правосуден систем, ( Сл весник бр. 150/07)[1], беше еден од приоритетните закони, кој стапи на сила на 20.12.2007 година и значеше имплементација на Уставните амадмани за реформи во правосудниот систем.

Во однос на јавното обвинителсво, ова значеше еден сериозен исчекор во насока на обезбедување уште поцврста легислативна основа за самостојност на јавните обвинители, ослободени од било какви влијанија во извршувањето на нивната сложена и одговорна функција, за гонење на сторителите на кривичните дела. Исто така, ова ново легислативно концептуирано тело, треба да обезбеди и сигурност во извршувањето на функцијата јавен обвинител, за сите оние кои тоа го чинат професионално и стручно, единствено раководени од принципот на легалитет во кривичното гонење и еднаквост на сите граѓани пред законот.

Ова тело, е составено од единаесет члена .

Од нив, шест члена се избрани од страна на самите обвинители од редот на јавните обвинители, од кои, еден член е избран од редот на јавните обвинители во Јавното обвинителство на Р Македонија, по еден од редот на јавните обвинители од подрачјата на вишите јавни обвинителства во Гостивар, Битола, Скопје и Штип и еден член припадник на заедница која не е мнозинство во Република Македонија .

Тројца членови на Советот се избрани од страна на Собранието на Република Македонија .

По функција, членови на Советот се и јавниот обвинител на Република Македонија и министерот за правда.

Членовите на Советот, од редот на обвинителите беа избрани во текот на месец февруари 2008 година додека членовите кои ги бира Собранието( поради предвремените парламентарни избори ) беа избрани на крајот на месец јули 2008 година, така што Советот се конституира и започна со работа на 01.08.2008 година.

Согласно чл.13 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, Советот поднесува годишен извештај за својата работа до Собранието на Република Македонија.

Овој извештај, за 2008 година поради наведената динамика околу имплементацијата на Законот за Советот на јавните обвинители, го опфаќа само периодот, од неговото конституирање (01.08.2008) до крајот на 2008 година.

Предходно, согласно наведената законска одредба, овој Извештај за работа е усвоен на седница на Советот.

[1] Закон за Советот на јавните обвинители на Република Македонија (Службен весник на РМ бр.150 од 12.12.2007 година)

## II.ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ И ДОНЕСЕНИ ПОДЗАКОНСКИ АКТИ

Согласно член 10 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија, во извештајниот период, одржани се тринаесет (13) седници на Советот на јавните обвинители на РМ.

На одржаните седници разгледувани се прашања од надлежностите на Советот, согласно Законот за Советот на јавните обвинители и Законот за јавното обвинителство.

Донесени се поголем број на одлуки, заклучоци и решенија од кои примарно значење имаа подзаконските акти на Советот, кои беа неопходни за негово натамошно непречено функционирање.

Така, непосредно по конститутивнтата седница, на првата наредна седница беше разгледан предлогот и донесен :

- Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители на РМ;

На наредните седници, беа донесени и :

- Правилник за утврдување на начинот за оцена за работата на јавните обвинители;
- Правилник за уредување на постапката за утврдување на одговорноста на јавниот обвинител;
- Правилник за утврдување на начинот на врШење на надзорот над работата и постапувањето на јавните обвинителства;
- Правилник за формата и содржината на образецот и постапката за издавање и одземање на легитимацијата на јавните обвинители и членовите на Советот на јавните обвинители;
- Акт за внатрешна организација на Советот на јавни обвинители на РМ;

Согласно чл 42 ст 3 од Законот за јавното обвинителство, Советот, донесе Одлука со која го определи бројот на јавните обвинители во јавните обвинителства. Основен критериум од кој се раководеше Советот, беше сегашниот обем на предметна работа во поеделните обвинителства. При ова, не беа земени во вид, новите надлежности кои што треба да ги добие јавното обвинителство, според предстојниот Закон за кривична постапка,(посебно во делот на истрагата), со што нужно бројот на јавните обвинители би требало да биде зголемен.

Советот донесе и Правилник за систематизација на работните места во стручна служба во Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

Согласно кој предвидени се 10 (десет) работни места.

## III.ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ НА ГРАЃАНИ И ПРАВНИ ЛИЦА

Во извештајниот период до Советот на јавните обвинители на Република Македонија поднесени се вкупно 62 (шеесет и две) претставки и поплаки. Советот постапил по сите 62 (шеесет и две) претставки, од кои 47 (четириесет и седум) се завршени (а/а), додека 15 (петнаесет) се во работа.

| ПОДНЕСЕНИ ПРЕТСТАВКИ | | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | во работа | завршени(а/а) |
| Физички лица | **55** | 13 | 42 |
| Правни лица | **5** | 2 | 3 |
| Анонимни | **2** | / | 2 |
| Вкупно | **62** | **15** | **47** |

Од вкупниот број на претставки, од физички лица поднесени се 55 (пеесет и пет), од кои завршени се 42 (четириесет и две), а во работа се 13 (тринаесет) претставки.

Од страна на правни лица поднесени се вкупно 5 (пет) претставки, од кои завршени се 3 (три), а во работа се 2(две) претставки.

Две (2) преставки се анонимни. По истите, до крајот на извештајниот период е постапено, и тие се завршени (а/а).

Врз основа на критериумот, застапеност според подрачја на виши јавни обвинителства: против работата на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство во Скопје поднесени се вкупно 29 (дваесет и девет) претставки; против работата на јавните обвинители од подрачјето Битола 10 (десет) претставки; против јавните обвинители од подрачјето Штип 13 (тринаесет) претставки и против јавните обвинители од подрачјето Гостивар 10 (десет) претставки .

Бројот на застапеноста на пооделните подрачја е разбирлив и е пропорционален на бројот на предметната работа во пооделните подрачни обвинителства.

| Претставки и поплаки според подрачје на Вишо јавно обвинителество | | | |
|---|---|---|---|
| Скопје | Битола | штип | Гостивар |
| 29 | 10 | 13 | 10 |

**Процентуална застапеност по Апелациони подрачја**



## IV.ИМЕНУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Заклучно со 31.12.2008 година Советот на јавните обвинители на Република Македонија именувал 15 (петнаесет) јавни обвинители од кои:

-јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција и 9 (девет) јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција и

- Виш јавен обвинител на Вишо јавно обвинителство во Гостивар и 4 (четири) јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство;

Заклучно со 31.12.2008 година до Советот на јавните обвинители на Република Македонија поднесени се 19 (деветнаесет) барања за избор на јавни обвинители без ограничување на траење на мандатот, согласно чл.94 ст 3 од Законот за јавното обвинителство. Од нив, постапено е по 2 (две) барања, а 17 (седумнаесет) барања се во работа, односно овие јавни обвинители продолжија да ја извршуват функцијата, по истекот на нивниот мандат.

Заклучно со 31.12.2008 година нема разрешувања на јавен обвинител, додека на 7 (седум) им е утврден престанок на функцијата, од кои на 6 (шест) поради исполнување на условите за старосна пензија и на 1 (еден) по сопствено барање.

| | |
|---|---|
| Именувани Јавни обвинители | 16 |
| Продолжен мандат | 2 |
| РазреШени Јавни обвинители | / |
| Утврден престанок на функцијата | 7 |



**Кадровска состојба:**

Согласно Одлуката за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства[2], предвидениот број на јавни обвинители изнесува вкупно 219 (двеста и деветнаесет). Бројот на пополнетите места изнесува 171 (стоседумдесет и едно ). Бројот на непополнети обвинителски места во моментот изнесува 48 (четириесет и осум), од нив 6 (шест) обвинителски места се наоѓаат во мирување согласно законот.

| | Вкупно | Јавно обвинителство на РМ | Виши јавни обвинителства | Основни јавни обвинителства |
|---|---|---|---|---|
| Утврден број на јавни обвинители во РМ | 219 | 12 | 33 | 174 |
| Пополнети јавнообвинителски места | 171 | 8 | 26 | 137 |
| Непополнети јавнообвинителски места | 48 | 4 | 7 | 37 |
| | Од кои 6 во мирување | 1 во мирување | 4 во мирување | 1 во мирување |




Согласно одлуката вкупниот број на предвидени јавнообвинителски места во Јавното обвинителство на Република Македонија изнесува 12 (дванаесет) од кои непополнети се 4 (четири), со тоа што едно од непополнетите места е во мирување.

2 Одлука за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавни обвинители во јавните обвинителства (Службен весник на РМ бр.66 од 03.09.2008 година)

| | Вкупен определен број | Пополнети места | Непополнети места |
|---|---|---|---|
| Вишо јавно обвинителство Битола | 8 | 6 | 2 (од кои 1 во мирување) |
| Вишо јавно обвинителствоГостивар | 5 | 5 | / |
| Вишо јавно обвинителство Скопје | 15 | 11 | 4 (од кои 2 во мирување) |
| Вишо јавно обвинителство Штип | 5 | 4 | 1 кое е во мирување |
| Вкупно | 33 | 26 | 7 (од кои 4 во мирување) |

Вкупниот број на јавнообвинителски места во Вишите јавни обвинителства е определен на 33 (триеесет и три) места од кои пополнети се 26 (дваесет и шест), а непополнети 7 (седум),од кој 4 (четири) се во мирување, и тоа:

-Во Вишото јавно обвинителство во Битола бројот на определени места е вкупно 8 (осум) од кои пополнети се 6 (шест), а непополнети се 2 (две) места, со тоа што едно од непополнетите е во мирување.

-Во Вишото јавно обвинителство во Гостивар бројот на определени места е вкупно 5 (пет), сите пополнети.

-Во Вишото јавно обвинителство во Скопје бројот на определени места, согласно одлуката е  15 (петнаесет),од кои пополнети се 11 (единаесет), а непополнети се 4 (четири) места, со тоа што 2 (две) од непополнетите се во мирување.

-Во Вишото јавно обвинителство во Штип бројот на определени места е вкупно 5 (пет) од кои пополнети се 4 (четири), а непополнето е 1 (едно) место, кое што е во мирување.

| | Вкупен определен број | Пополнети места | Непополнети места |
|---|---|---|---|
| Основно јавно обвинителство Берово | 2 | 2 | / |
| Основно јавно обвинителство Битола | 9 | 9 | / |
| Основно јавно обвинителство Гевгелија | 4 | 5 | / |
| Основно јавно обвинителство Гостивар | 8 | 3 | 5 |
| Основно јавно обвинителство Дебар | 2 | 2 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Основно јавно обвинителство Делчево | 2 | 2 | / |
| Основно јавно обвинителство Кавадарци | 5 | 5 | / |
| Основно јавно обвинителство Кичево | 4 | 4 | / |
| Основно јавно обвинителство Крива Паланка | 2 | 3 | / |
| Основно јавно обвинителство Кочани | 5 | 3 | 2 |
| Основно јавно обвинителство Куманово | 11 | 7 | 4 |
| Основно јавно обвинителство Охрид | 5 | 5 | / |
| Основно јавно обвинителство Прилеп | 8 | 7 | 1 |
| Основно јавно обвинителство Радовиш | 2 | 1 | 1 |
| Основно јавно обвинителство Свети Николе | 2 | 1 | 1 |
| Основно јавно обвинителство Скопје | 56 | 39 | 17 (од кои 1 во мирување) |
| Основно јавно обвинителство Струга | 4 | 4 | / |
| Основно јавно обвинителство Струмица | 8 | 8 | / |
| Основно јавно обвинителство Велес | 8 | 6 | 2 |
| Основно јавно обвинителство Тетово | 9 | 6 | 3 (од кои 1 во мирување) |
| Основно јавно обвинителство Штип | 6 | 6 | / |
| Основно јавно обвинителство за организиран криминал и корупција | 10 | 10 | / |

Вкупниот број на јавнообвинителски места во Основните обвинителства изнесува 174 (сто седумдесет и четири) места, од кои пополнети се 137 (сто триесет и седум), а непополнети 37 (триесет и седум), од кои 1 (едно) е во мирување.

Од вкупниот број на непополнети, 5 (пет) се во Основното јавно обвинителство во Гостивар; 2 (две) во Основното обвинителство во Кочани; 4 (четири) во обвинителството во Куманово; 1 ( едно) во Прилеп; 1 (едно) во Радовиш; 1 (едно) во Свети Николе; 17 (седумнаесет) во Скопје ; 2 (две) во Велес и 3 (три) во Тетово .

Останатите јавнообвинителски места во Основните јавни обвинителства, согласно оваа одлука како што е видно од табелата се пополнети.

Во основните јавни обвинителства во Гевгелија и Крива Паланка има по еден јавен обвинител повеќе од бројот предвиден со одлуката .

## VI.МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

Согласно Буџетот на РМ за 2008 година, Советот на јавните обвинители се јавува како корисник на финансиски средства од втора линија, преку предвидените средства за Јавното обвинителство на РМ.

Со Буџетот и за 2009 година, состојбата со финансирањето на Советот на јавните обвинители е иста.

Со оглед на фактот дека Советот на јавните обвинители на РМ е самостоен орган, во иднина мора тој непосредно да се јави како единка корисник на буџетските средства од прва линија (аналогно на финансирањето на Судскиот Совет).

Воедно, бидејќи е пополнет само дел од предвидените работни места во Правилникот за систематизација на работните места во стручна служба во Советот, во текот на 2009 година би требало да бидат обезбедени финансиски средства и за непополнетите 5 (пет) работни места.